**20091493126**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 219 став (2) од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08 и 6/09), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2009 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ВОДИ

Член 1

Со оваа одлука се формира Национален совет за води како советодавно тело, заради разгледување на прашањата за управување со водите, усогласување и координирање на различните потреби и интереси, како и предлагање на различни мерки за зачувување, заштита и постојано подобрување на режимот на водите на територијата на Република Македонија.

Член 2

Националниот совет за води е составен од девет члена и тоа:

1. Илбер Мирта од Министерството за животна средина и просторно планирање, претседател;
2. Доц. д-р Михаил Кочубовски од Министерството за здравство;
3. Љубиша Георгиевски од Министерството за транспорт и врски;
4. Јетон Кучи од Министерството за економија;
5. Благоја Стоилов од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
6. Стојан Лазаров од Заедницата на единиците на локалната самоуправа;
7. Проф. д-р Трајче Стафилов од Македонската академија на науките и уметностите;
8. Руска Мицева од Еколошкото друштво „Вила Зора“ и
9. Еден претставник од Советот за управување со Вардарскиот речен слив, кој ќе биде именуван по конституирањето на Советот за управување со Вардарскиот речен слив во Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-6221/1
7 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.